Државен завод
за статистика

80
години

# Проектни активности во ДЗС

## Април - јуни 2025 година




Скопје, 2025 година

Во рамки на Повеќекорисничката програма за статистичка соработка ИПА 2022, во текот на 2025 година се реализираа неколку експертски мисии и студиски посети во соработка со неколку европски заводи за статистика. Овие активности беа насочени кон унапредување на статистичките процеси, зголемување на усогласеноста со европските стандарди и зајакнување на капацитетите на Државниот завод за статистика. Во продолжение следи краток преглед на реализираните мисии и консултации:

## Студиска посета – Пресметка на индикатори според новата регулатива (АРС)

На 03 и 04 април 2025 година се реализира студиска посета во Рим, Италија, во организација на ИСТАТ – Италијанскиот национален завод за статистика. Претставници од Државниот завод за статистика учествуваа на оваа посета со цел размена на искуства и добри практики за пресметка на коефициентните фактори и усогласување на податоците од претходните години (временски серии) со новата методологија според регулативата на ЕУ за истражување на работната сила (IESS Regulation).

Во рамките на посетата беа разгледани конкретни примери од страна на ИСТАТ за подготовка на нови примероци, пресметка на главни индикатори по квартали и години, како и подготовка на податочни сетови за пренос и валидација. Посетата значително придонесе за унапредување на методолошките знаења и практичните вештини на вработените во ДЗС, со што се зголеми усогласеноста со стандардите, терминологијата и барањата на ЕУ поврзани со новата регулатива.

## Прва експертска мисија – Табели на понуда и употреба и инпут-аутпут табели

Во периодот од 09 до 11 април 2025 година, во просториите на ДЗС, беше реализирана првата експертска мисија на експертот Јарослав Сикста од Чешка, во рамките на статистичкиот проект 1.7. Табели на понуда и употреба и инпут-аутпут табели.

Целите на мисијата беа: да се оцени тековната состојба, да се утврдат деталите за проектната работа во согласност со активностите договорени за време на почетната работилница за да се обезбеди усогласеност со целите на проектот и да се утврди работниот план за реализирање на проектот. Мисијата беше успешна и сите точки опишани во проектните задачи беа исполнети.

## Прва  ад хок мисија – Секторски сметки

Во периодот од 05 до 09 мај 2025 година во просториите на ДЗС се реализира првата ад хок мисија за секторски сметки.

Основни цели беа:

- Оценка и методолошки подобрувања на постојните квартални секторски сметки за секторот Држава за 2018 година;
- Воспоставување систем за составување квартални секторски сметки за останатите институционални сектори;
- Анализа на постојните извори на податоци за составување на кварталните секторски сметки
- Подготовка на услови за составување квартални секторски сметки
- Добивање експертска поддршка за составување краток опис на изворите на податоци и методите кои се користат за составување на кварталните секторски сметки.

## Програма за трансмисија, годишни и тримесечни национални сметки и извештај за квалитет

Во периодот од 05 до 09 мај, во просториите на ДЗС, се реализира мисија на тема: Програма за трансмисија, годишни и тримесечни национални сметки и извештај за квалитет со експерти од Заводот за статистика на Чешка.

Главни цели на мисијата беа:

- Подготовка и инсталирање на сет од работни документи во ексел со формули за пресметка на БДП на тримесечно ниво според производниот, трошочниот и доходовниот метод,
- Пополнување на темплејтите со податоци од постојните извори и соодветна обука на вработените од ДЗС.

## Студиска посета за сезонско и календарско приспособување во тримесечните национални сметки

Во Заводот за статистика се реализира студиска посета во периодот од 14 до 16 мај 2025 година на тема „Сезонско и календарско приспособување во тримесечните национални сметки“.

Обуката беше фокусирана, пред сѐ, на:

- Методолошките основи и алатки за сезонско и календарско приспособување на податоците од тримесечните пресметки на БДП со користење на ЈДеметра+.

АКТИВНОСТИ БИЛТЕН ОД ПРОЕКТИ

- Подготовка на трансмисиски табели за испраќање до Евростат.

## Студиска посета за краткорочни статистики – подобрување на усогласеноста со европската Регулатива за деловните статистики од областа на индустријата

Во периодот од 20 до 22 мај 2025 година, се реализира студиска посета во Прага, во организација на Заводот за статистика на Чешка.

За време на студиската посета, претставниците од Државниот завод за статистика беа детално запознаени со методологиите за пресметка на индексот на индустриското производство (PVI) и индексот на прометот во индустријата (TOI) во Чешка. Притоа, со практични примери беа објаснети процесите на прибирање податоци, дизајнот на прашалниците, избирањето примерок, третманот на неодговорените податоци и методите на импутација, методите на пресметка на индексите, како и користењето административни извори на податоци. Исто така, беа презентирани методите за сезонско приспособување и изготвување метаподатоци (SDMX).

Посетата значително придонесе за унапредување на методолошките знаења и практичните вештини на вработените во ДЗС од областа на индустријата, со што се зголеми усогласеноста со стандардите, терминологијата и барањата на ЕУ поврзани со новата регулатива 2020/1197.

## Студиска посета за квартални секторски сметки

Во периодот од 03 до 05 јуни 2025 година, во Заводот за статистика на Чешка, се одржа студиска посета на тема „Квартални секторски сметки“, што имаше за цел составување квартални секторски сметки во согласност со барањата на Трансмисиската програма ЕСС 2010 и особено:

- Составување на годишните секторски сметки
- Балансирање на дистрибутивните трансакции
- Составување на кварталните секторски сметки
- Усогласување на кварталните со годишните секторски сметки

## Мисија за методологија за националните сметки

Реализирана мисија во Заводот на тема „Вработени“ во периодот од 9 до 12 јуни 2025 година.

Цели на мисијата беа ажурирање и подобрување на тековниот метод за пресметка на вработените (Labour Input Method), како и вклучување на податоците од последниот попис поврзани со вработените.

за активности БИЛТЕН од проекти

## Студиска посета за методологија на националните сметки

Во периодот од 17 до 19 јуни 2025 година, се реализира студиска посета на Заводот за статистика на Чешка, која опфати презентации на специфични категории за пресметка во националните сметки а беа поврзани со практични примери за проценки на клучни приспособувања што имаат значително влијание врз пресметките на бруто-домашниот производ, односно бруто-националниот доход.

Посетата вклучуваше:

- Презентации за проценката на услугите од живеалишта, ФИСИМ и осигурителните услуги.
- Истражување на методите за капитализирање на истражувањето и развојот и софтвер за сопствена употреба.
- Исто така, беше презентиран и начинот на евиденција на опремата со ниска вредност во националните сметки на Заводот за статистика на Чешка.

за активности БИЛТЕН од проекти

Во вториот квартал од 2025 година, во рамките на проектот „Статистиката во согласност со потребите на корисниците и европските барања, 2024 – 2027“, беа реализирани повеќе активности и мисии, насочени кон зајакнување на капацитетите, унапредување на внатрешната организација и модернизација на статистичката продукција. Следат кратки прегледи на спроведените состаноци и обуки.

## Мисија за примена на Регистарот на вработените

Во периодот од 7 до 11 април 2025 година, во Скопје се одржа мисија посветена на анализа на можностите за замена на податоците од анкетите со податоци од Регистарот на вработените.

Мисијата се фокусира на идентификување на постојните статистички истражувања што може да користат податоци од Регистарот, оценување на влијанието од промената на методологијата, развој на методолошки насоки и подготовка на техничка поддршка. На работни состаноци со претставници од ДЗС и методолошкиот тим, беа разгледани аспекти како што се добивање податоци за работни часови, идентификација на локални единици, имплементација на временски серии и создавање нови статистички показатели врз основа на регистарските податоци.

Оваа мисија претставува значителен чекор во насока на модернизација на статистичката продукција преку зголемена употреба на административни извори, со што се намалува оптоварувањето на испитаниците и се подобрува ефикасноста на процесите.

## Обука за методологија

Во периодот од 5 до 9 мај 2025 година, во Велес се одржа првата од двете предвидени обуки за Работната група за методолошка поддршка при ДЗС.

Главна цел на мисијата беше зајакнување на капацитетите на групата преку обука за основите на статистичката теорија – дизајн на анкети, примерок, обработка на податоци, описна статистика и концепти за квалитет. Учесниците добија и вовед во улогата на ИТ и идните предизвици поврзани со вештачката интелигенција во статистичката работа. Оваа обука претставува основа за понатамошна надградба со напредни методолошки теми, со цел развој на критична маса од стручен кадар што ќе обезбеди долгорочна поддршка за методолошки прашања во рамките на целата институција. Обуката беше реализирана преку предавања и практични вежби, приспособени кон потребите на статистичарите кои работат во одредени области.

## Мисија за унапредување на безбедноста на информациите и усогласување со регулативата GDPR

Во периодот од 09 до 12 јуни, во просториите на ДЗС, се одржа мисија за зајакнување на Системот за управување со безбедноста на информациите (ISMS), со фокус на усогласувањето со Општата регулатива за заштитата на податоците (GDPR). Мисијата претставува почетна активност за развој на ISMS на Заводот во насока на целосна заштита на личните податоци и усогласување со европската и националната регулатива. Воведниот семинар за GDPR беше одржан од страна на Даниел Гранквист, службеник за заштита на податоци од Статистичкиот завод на Шведска, со цел да се обезбеди темелно запознавање со принципите и обврските што произлегуваат од оваа Регулатива.

Еден ден од мисијата беше посветен на форум со клучни засегнати страни, на кој учествуваа претставници од Народната банка, Министерството за финансии и Агенцијата за заштита на лични податоци. На крајот од мисијата беа сумирани клучните согледувања и беше дефинирана патека за понатамошни активности на ДЗС, со цел континуирана имплементација и усогласеност со GDPR.

## Студиска посета за развој на нов интранет

Во периодот од 24 до 26 јуни 2025 година во Статистичкиот завод на Шведска, се одржа студиска посета посветена на темата за развој на нов интранет. Во текот на посетата беа реализирани повеќе состаноци со претставници од ИТ и комуникацискиот оддел на SCB, при што беа презентирани нивните технички решенија и организациски практики поврзани со интранетот.

Главна цел на посетата беше стекнување знаења и идеи за техничка имплементација на нов интранет базиран на платформата Umbraco – истата што се користи и за веб-страницата на Заводот. Преку размена на искуства и дискусии од типот „peer-to-peer“, беа идентификувани клучни чекори и одлуки што треба да се донесат пред започнување на развојниот процес. Овие сознанија ќе бидат основа за креирање структуриран систем на внатрешна комуникација, што ќе придонесе за поефикасна координација, подобро планирање и намалување на ад хок ангажманот на менаџментот.

Во вториот квартал од 2025 година, во рамките на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиката за животната средина и здравствените статистики“, финансиран од ЕУ, беа спроведени неколку активности за јакнење на капацитетите и усогласување со европските стандарди. Проектот го реализираат ДЗС и ISTAT во соработка со италијански партнери. Во продолжение следат прегледи на реализираните состаноци и мисии:

## Втор состанок на Управниот комитет на проектот

На 3 април 2025 година, во просториите на Државниот завод за статистика во Скопје, се одржа вториот состанок на Управниот комитет на твининг-проектот „Подобрување на квалитетот и сеопфатноста на статистиката за животната средина и здравствените статистики“. Проектот, финансиран од Европската Унија, се спроведува во соработка помеѓу ДЗС и Италијанскиот национален институт за статистика (Istat), со поддршка од партнери од Италија: CSI Piemonte, GSE и Италијанското географско друштво (SGI).

Состанокот, кој се одржа во хибриден формат, беше можност за презентација на Вториот квартален извештај и усвојување на Вториот ревидиран работен план. Присуствуваа претставници од Istat, ДЗС, Делегацијата на ЕУ и Министерството за европски прашања. Беа претставени клучните резултати од вториот квартал, а сите партнери ја потврдија својата заложба за заедничка работа и исполнување на целите на проектот.

## Експертски мисии за подобрување на земјоделските статистики и статистиките за животната средина

Во рамките на твининг-проектот, во периодот од 7 до 11 април 2025 година, во Државниот завод за статистика се спроведоа две експертски мисии од Компонентата 1 – Животна средина и земјоделство. Целта на мисиите беше зајакнување на капацитетите за земјоделска и еколошка статистика и усогласување со европските стандарди.

Првата мисија (7–9 април), предводена од Антониета Д'Аморе од Istat, беше посветена на цените на земјоделските инпути и аутпути. Заедно со тимот од ДЗС, вклучително и статистичари од Регионалното одделение во Струмица, се работеше на подобрување на методологијата и пресметката на индексите на цените. Втората мисија (9–11 април) се фокусира на еколошките индикатори и идентификацијата на недостатоците во постојаното производство на податоци. Експертите од Istat претставија меѓународни практики и SDG-индикатори, со примери за нивна примена при следење на климатските промени и одржливиот развој.

## Мисија за SDMX во рамките на здравствените статистики

Од 12 до 16 мај 2025 година, во Државниот завод за статистика во Скопје, се одржа првата од серијата мисии за SDMX (стандард за размена на статистички податоци и метаподатоци) во рамки на Компонентата 2 – Здравствена статистика од твининг-проектот финансиран од Европската Унија.

Под водство на експертите од Istat, Франческо Рицо и Алесио Кардачино и во координација со тимот на ДЗС предводен од Билјана Карајовановиќ, беше направено ажурирање на постојната SDMX-инфраструктура, беа претставени новите функционалности на алатките и направена првична проценка на структурата на податоците за здравствените сметки. Мисијата претставува важен чекор кон редовно и квалитетно известување до Евростат, а активностите ќе продолжат со две обуки за SDMX – за почетници и за напредни корисници, вклучувајќи и други засегнати страни од Националниот статистички систем.

## Две експертски мисии за унапредување на земјоделските статистики

Во рамките на Компонентата 1 – Животна средина и земјоделство од твининг-проектот, во просториите на Државниот завод за статистика во Скопје, се одржаа две важни мисии во мај 2025 година. Првата мисија (6–9 мај), посветена на алтернативните методи за статистиката на земјоделските култури и живината, беше фокусирана на ревизијата на постојната методологија и дефинирање на чекорите за усогласување со европските стандарди. Со поддршка од експертот Роберто Џисмонди (Istat), беше изготвен прашалник за теренско собирање податоци за живина, додека за земјоделските култури ќе се проценува квалитетот на административните извори од Министерството за земјоделство.

Втората мисија (21–23 мај), со учество и на експертот Киара Гнези (Istat), беше посветена на оценката на достапните административни извори за воспоставување и одржување статистички регистар на земјоделските стопанства. Се разгледуваа можностите за користење на постојните податоци и се дефинираа следните активности, кои ќе вклучуваат теренска валидација во рамките на претстојниот Попис на земјоделството во 2026 година.

## Мисија за ревизија на прашалникот за Пописот на земјоделството во насока на усогласување со регулативите на ЕУ

Во периодот од 26 до 30 мај 2025 година, во Државниот завод за статистика во Скопје, се одржа мисија за проценка на усогласеноста на инструментите за Пописот на земјоделството со регулативите на ЕУ, во рамките на Компонентата 1 од твининг-проектот за подобрување на статистиката за животната средина и здравјето. Експертите од Istat, Цецилија Манци и Луана Де Феличи, заедно со RTA Донатела Зин Дато и тимот на ДЗС, спроведоа детална анализа на прашалникот за Пописот на земјоделството, базирана на резултатите од пилот-анкетата.

Во мисијата активно учествуваа и претставници од Министерството за земјоделство, кои ја потврдија својата подготвеност за соработка. Анализата беше насочена кон откривање на недостатоците во однос на регулативите и анексите на Евростат, со цел финализирање на прашалникот за Пописот во 2026 година. Покрај усогласеноста со модулите IFS 2023 и 2026, ќе бидат вклучени и дополнителни теми релевантни за националниот контекст, имајќи предвид дека последниот Попис на земјоделството е спроведен во 2007 година. Прашалникот ќе се вгради во ажурирана апликација CAPI преку Survey Solutions.

## Мисија за економските сметки во земјоделството

Во периодот од 10 до 13 јуни 2025 година, во Државниот завод за статистика во Скопје, се одржа првата мисија посветена на економските сметки за земјоделство (EAA), во рамките на Компонентата 1 од твининг-проектот финансиран од Европската Унија. Со поддршка од експертите на Istat, Роберто Моро и Андреа Мореле, беа анализирани постојните методи и извори за пресметка на EAA, како и новите шаблони и кодни листи за пренос на податоци до Евростат.

ДЗС веќе објавува EAA во базата на податоци МАКСТАТ и ги доставува податоците до Евростат. Во рамките на мисијата беше направена проценка на актуелната состојба и договорено е воведување нов систем за пресметка, кој ќе овозможи следење на квалитетот на податоците и ќе вклучи валидациски контроли за подобра усогласеност со европските стандарди.

## Мисии за здравствените статистики

Во јуни 2025 година се одржаа две експертски мисии во рамките на Компонентата 2 – Здравствена статистика од твининг-проектот финансиран од Европската Унија. Првата мисија беше посветена на унапредувањето на квалитетот на статистиката за населението и развојот на примерочната рамка за EHIS и други истражувања. Во соработка со експертот Данило Доленц и RTA Донатела Зиндато, беше анализиран квалитетот на

административните извори за воспоставување статистички регистар на население, базиран на податоците од МВР и други административни извори.

Втората мисија се фокусира на методологијата за составување на Системот на здравствените сметки (SHA). Експертите од Istat, Марија Асунта-Фуњито и Сара Басо, ги презентираа регулативата на Евростат и заедничкиот прашалник на Евростат-ОЕЦД-СЗО, додека тимот на ДЗС ги прикажа постојните извори и методи на пресметка. Беа разгледани методологиите за јавниот и приватниот сектор и усогласеноста со податоците од националните сметки. Целта е воспоставување капацитети за редовно доставување на табелите SHA до Евростат.